МОСТ

Граѓанска Асоцијација

# *Извештај 2009*

## ЗА МОСТ

Граѓанската асоцијација МОСТ (целосното име: Граѓанска асоцијација за развој на демократските институции МОСТ) е домашна, невладина и непартиска организација, формирана во мај 2002 година, од страна на претставници на 20 невладини организации од целата држава, кои се воедно и партнери на МОСТ во скоро секој спроведуван проект.

**Мисијата** на МОСТ е да придонесе за градење на подемократска, постабилна и просперитетна Македонија, преку инволвирање на граѓаните во активности и проекти кои обезбедуваат транспарентност, одговорност и отвореност на државните институции кон вистинските потреби на граѓаните.

**Цели** на организацијата се:

- Едукација на граѓаните и поттикнување на нивно зголемено учество во општествените процеси во Македонија;
- Зголемување на одговорноста на цивилите, политичките и владините институции кон потребите на граѓаните;
- Зголемување на степенот на отвореност и транспарентност на сите субјекти и процеси во општеството.

Со цел да се исполнат мисијата и целите на организацијата, своите активности МОСТ ги спроведува во рамките на следните **програми**:

- Едукација и вклучување на граѓаните;
- Отворени институции; и
- Одговорност и транспарентност.

Од почетокот на своето постоење, организацијата има значајна улога во домашното набљудување на изборите, докажувајќи се како добар организатор и достоен лидер во граѓанскиот сектор. Вклучувањето на граѓани од сите етникуми, религии и политички погледи во активности од интерес на целото општество претставува значаен успех за граѓанското општество во Македонија. Базата на податоци од повеќе од 26.500 волонтери со која располага организацијата е доволен доказ за тоа.

МОСТ верува дека зголемувањето на инволвираноста на граѓаните може да има значајна улога во зајакнувањето на демократските институции, владеењето на правото и почитувањето на човековите права во Македонија.

Единствениот начин граѓаните да веруваат во владините, политичките и изборните институции е да се зголеми нивото на транспарентност и одговорност на истите.

Првиот проект на организацијата кој што ги надмина очекувањата беше "Домашно набљудување на парламентарните избори 2002 година". Оттогаш,

МОСТ ги набљудува сите изборни процеси во Република Македонија и претставува значаен фактор кој придонесува кон нивна поголема транспарентност.

Паралелно со заложбите за зголемување на транспарентноста на изборниот процес, МОСТ работи и на полето на едукација и вклучување на граѓаните во политичките процеси со што придонесува во зголемувањето и одржливоста на знаењето на граѓаните за нивните граѓански и политички права и обврски.

Одржувањето на отворен и постојан дијалог помеѓу граѓаните и нивните претставници во институциите на системот беше еден од предизвиците со кои МОСТ се соочи во текот на своето работење. Проектите и активностите кои беа спроведени во оваа насока претставуваат пионерски обиди, не само во земјава туку и во регионот.

МОСТ и понатаму ќе продолжи со спроведување на активности и проекти кои ќе придонесат кон подобро функционирање на демократијата во Македонија, со што ќе ја задржи позицијата на лидер во граѓанскиот сектор.

## ВОВЕД

Во 2009 година започна да се спроведува проектот Центар за застапување. Целта на проектот е да придонесе кон поинформирани и поактивни граѓани и кон постојана општествена партиципација во процесите на креирање политики и донесување одлуки. Оваа цел би се постигнала преку организирање на обуки за застапување и лобирање, подигнување на свеста на граѓаните за нивните права и одговорности како активни граѓани и за можностите за нивно вклучување во процесите на креирање политики и донесување на одлуки.

Проектот Центар за застапување на некој начин претставува продолжување на проектот “Канцеларија за контакт помеѓу НВОи и Собранието на Република Македонија”, кој што исто така го спроведуваше МОСТ.

Оваа година исто така се спроведоа два изборни циклуси, претседателски и локални избори, кои се одржаа во март/април 2009 година. МОСТ ги набљудуваше и овие избори, при што беа покриени околу 65% од избирачките места во двата изборни процеса.

Коментар на Изборниот законик е уште еден од проектите кој што се спроведуваа оваа година. Четворица експерти од областа на изборите

работеа заедно во подготвувањето на Коментарот кој треба да биде издаден во 2010 година.

Проектот Мојот пратеник беше преземен од Собранието кое понатаму ќе го спроведува и ќе ги објавува извештаите за работата на пратениците, со што овој проект доби своја институционална и финансиска одржливост. Неоспорен е неговиот придонес кон зголемување на транспарентноста на Собранието како еден од најзначајните органи во државата.

Останатите проекти – Прв пат гласам, Пат во Европа и Правен ресурсен центар (www.pravo.org.mk) продолжија да се имплементираат и оваа година.

Од сето ова, може да се заклучи дека и во 2009 година МОСТ успешно ја спроведуваше својата мисија за градење на подемократска, постабилна и попросперитетна Македонија.

## 1. ПРОГРАМА: ОТВОРЕНИ ИНСТИТУЦИИ

## МОЈОТ ПРАТЕНИК

Проектот Мојот пратеник започна да се реализира во 2006 година. При развивањето на идејата круцијално значење имаше фактот дека граѓаните се тие кои им го даваат мандатот на пратениците и тие имаат легитимно право да ја оценуваат нивната работа. Но, со оглед на тоа што тие немаат време постојано да ги следат седниците (како пленарните така и оние на комисиите) и другите активности на пратениците, не можат да донесат објективни заклучоци за нивната работа. Со цел граѓаните да добијат вистински, навремени и точни податоци за работата на пратениците, МОСТ го започна овој проект кој предвидува изготвување на квантитативни и квалитативни извештаи за работата на пратениците.

### Основна цел на проектот

Основна цел на проектот е информирани граѓани за квалитетот на работата на избраните пратеници. Ова придонесува за транспарентен и кооперативен пратеник кој е сензитивен кон граѓанските потреби и проблеми, а во таа насока краен резултат би бил зголемување на транспарентноста на Собранието.

### Специфични цели на проектот

1. Сублимирање на податоците за работата на пратениците која е поврзана со следниве индикатори:

   - Број на предлог закони поднесени од пратеникот;

- Број на парламентарни седници на кои пратеникот присуствувал;
- Број на седници на собраниските комисии на кои пратеникот присуствувал;
- Број на консултации со невладини организации или граѓани иницирани (побарани) од пратеникот;
- Број на пријавувања за дискусија на парламентарните седници.

Тие воедно се и податоците содржани во публикацијата.

2. Информирање на граѓаните за работата на избраните пратеници во Собранието на Р. Македонија. Оваа цел се остварува преку печатење и дистрибуирање на публикацијата до граѓаните.

**Активности и постигнати резултати**

Во текот на имплементацијата на овој проект беа изработени 4 извештаи кои беа дистрибуирани преку најтиражните весници во Македонија. Последниот извештај е за периодот од 21 јуни до 31 декември 2008 година и истиот беше претставен пред јавноста на крајот од јануари 2009 година. Еден од најголемите успеси на овој проект е тоа што истиот беше комплетно преземен од страна на Собранието на Р. Македонија, со тоа што идните извештаи ќе ги објавува самото Собрание. Со ова беше обезбедена комплетна институционална и финансиска одржливост на овој проект.

Согласно усното ветување, дадено од страна на претседателот на Собранието, во јули 2009, Собранието го издаде петтиот извештај за својата работа, што само по себе претставуваше потврда дека МОСТ ја исполнил целта со која што го започна овој проект.

**Донатори**

Проектот беше поддржан од страна на NED (National Endowment for Democracy), Амбасадата на Кралството Холандија и BTD (Balkan Trust for Democracy).

## МОНИТОРИНГ НА КАНЦЕЛАРИИТЕ НА ПРАТЕНИЦИТЕ ЗА КОМУНИКАЦИЈА СО ГРАЃАНИТЕ

Како дел од институционалната поддршка што Швајцарската агенција за развој и ја додели на граѓанската асоцијација МОСТ, преку Канцеларијата за контакт помеѓу НВО-и и Собранието на Р. Македонија, заклучно со 30 ноември 2009 година беше спроведен мониторинг на Канцелариите на пратениците за комуникација со граѓаните.

Во текот на 2009 година, а согласно со утврдената методологија, од страна на МОСТ беа направени повеќе теренски посети на Канцелариите, беше нарачано и спроведено истражување на јавното мислење за работата на канцелариите, а последниот месец беше реализирано и теренско истражување за работата на истите, преку т.н. "тајни купувачи".
Општата оценка, базирана на информациите од терен, е дека Канцелариите на пратениците за комуникација со граѓаните се уште не функционираат во вистинско светло, онака како што е предвидено со проектот. Ова се должи пред се на недоволно дефинираната сопственост на канцелариите (отворени се од страна на НДИ, а нивното функционирање требаше да го преземе Собранието на Р. Македонија), како и на неколкуте изборни циклуси во краток период и промената на пратениците кои ги користат.

**Донатори**

Проектот финансиски беше поддржан од страна на SDC (Швајцарската агенција за развој).

## ЦЕНТАР ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ

Проектот Центар за застапување започна да се имплементира во август 2009 година, како резултат на потребата граѓаните да се едуцираат за начините преку кои може да ги остварат своите интереси.

**Основна цел на проектот**

Целта на проектот е да придонесе за поинформирани и поактивни граѓани, како и зајакнување на капацитетите на граѓанските организации и нивно учество во процесите на креирање политики и донесување на одлуки.

Центарот за застапување е проект на граѓанската асоцијација МОСТ и продолжување на проектот "Канцеларија за контакт помеѓу НВОи и Собранието на Република Македонија", кој што исто така го спроведуваше МОСТ. Целокупните ресурси на оваа канцеларија – веб страната, електронската библиотека, истражувањата и анализите како и форумот, му припаднаа на Центарот за застапување. Во тој поглед, услугите кои ги пружаше Канцеларијата се движечката сила на Центарот. Освен тоа, сите контакти и односи кои Канцеларијата и МОСТ ги воспоставија во изминатите години на активна работа на ова поле, се ставени на располагање на Центарот за застапување.

**Специфични цели на проектот**

- Зајакнување на капацитетите на засегнатите страни во областа на застапувањето и лобирањето преку организирање на обуки и пружање на експертиза
- Подигнување на свеста на засегнатите страни за нивните права и обврски како активни граѓани како и за можностите за нивно вклучување
- Информирање на релевантните засегнати страни за можностите за нивно вклучување во процесот на креирање на политики и донесување на одлуки.

**Активности и постигнати резултати**

Во подготвителната фаза беа обезбедени и опремени простории за функционирање на центарот. Беше изработена и интернет страницата на Центарот за застапување, која ќе служи како информатор каде ќе се објавуваат кампањите кои ќе бидат спроведувани од граѓанските организации и ќе се следи нивната имплементација и постигнатите резултати. Меѓу активностите кои Центарот за застапување ги спроведе спаѓа и спроведувањето на истражување за можностите и капацитетите на граѓанските организации за организирање на кампањи за застапување. Со истражувањето беа опфатени повеќе од 450 граѓански организации од целата територија на Република Македонија, активни во различни аспекти од општествениот живот, како на национално, така и на локално ниво. Резултатите од истражувањето посочуваат на фактот дека многу мал број од организациите во Република Македонија навистина го разбираат и практикуваат концептот на застапување, што пак од друга страна посочува дека застапувањето, а во негови рамки и лобирањето, се уште претставува предизвик за македонското граѓанско општество.

**Идни очекувања**

Во втората фаза се предвидува подготовка на Прирачник за застапување и модул за едукација, а понатаму ќе се вршат и обуки како на тренери за застапување, така и на граѓански организации кои ќе имаат потреба од реализирање на конкретна кампања за застапување. Предвидено е овој проект да биде долгорочен.

**Донатори**

Поддржувачи на овој проект се The Balkan Trust for Democracy и Амбасадата на Кралството Холандија (во рамките на институционалната поддршка).

## 15 СЕПТЕМВРИ – МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ДЕМОКРАТИЈА

Во соработка со Собранието на Р. Македонија, граѓанската асоцијација Мост, преку Канцеларијата за контакт помеѓу НВО-и и Собранието на Р.

Македонија, се приклучи кон одбележување на 15 септември, Меѓународниот ден на демократијата.

**Основна цел на проектот**

Целта на проектот е промовирање на Меѓународниот ден на демократијата.

**Специфични цели на проектот**

- Зголемување на информираноста на граѓаните за функционирањето на Собранието на Р. Македонија и за работата на пратениците
- Промовирање на концептот на вклучување на граѓаните во процесите на креирање на политики и донесување на одлуки

**Активности и постигнати резултати**

Улогата на МОСТ беше да ја обезбеди и фацилитира граѓанската компонента во одбележувањето на денот. Беше организирана промотивна кампања на национално ниво, како преку медиумите, така и преку канцелариите на пратениците за комуникација со граѓаните. Во рамките на кампањата беше изработен ТВ спот на македонски и албански јазик, кој беше емитуван на националните телевизии, а беа испечатени и 52.000 покани на двата јазика, кои беа дистрибуирани преку дневните весници.

Во соработка со канцелариите на пратениците за комуникација со граѓаните МОСТ обезбеди превоз за граѓани од 10 градови кои имаа желба да го посетат Собранието на Р. Македонија.

Беше организирана и јавна расправа на тема: "Кон зголемено учество на цивилното општество во законодавната и надзорната улога на Собранието". На расправата беа поканети поголем број на граѓански организации, експерти и пратеници.

За време од 8 часа, колку што беше отворено Собранието за посета на граѓаните, околу 1200 граѓани ја разгледаа зградата на Собранието и се запознаа со начинот на неговото функционирање. Бројката од 1200 граѓани кои го посетија Собранието е охрабрувачка, со оглед на тоа што е двојно зголемена во однос на претходната година.

**Донатори**

Средствата за реализирање на оваа активност беа обезбедени од Амбасадата на Кралството Холандија (во рамките на институционалната поддршка).

## 2. ПРОГРАМА: ЕДУКАЦИЈА И ВКЛУЧУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ

# ПРВ ПАТ ГЛАСАМ

Проектот Прв пат гласам е насочен кон едукација на граѓаните кои за првпат треба да го остварат своето право на глас, со цел да се запознаат со нивните права и обврски како идни гласачи, како и да ги разберат демократските процеси и институции, што понатаму игра важна улога во процесот на креирање на политики и донесување на одлуки.

Проектот започна да се спроведува во септември 2004 година. Првата фаза од проектот се спроведе во текот на учебната 2004/2005 година. Резултатите кои беа постигнати во првата фаза доведоа до продолжување на проектот и во наредните учебни години. (2005/2006, 2006/2007, 2007/2008, 2008/2009).

Од самиот почеток на имплементација на проектот одржани се вкупно 654 работилници и едуцирани се повеќе од 17823 матуранти.

## Основна цел на проектот

Основна цел на проектот е подигнување на свеста и едукација на граѓаните за нивните права и обврски како гласачи, изборните процеси, како и важноста на концептот на активно граѓанство.

## Активности и постигнати резултати

Со цел реализирање на едукацијата низ средните училишта, беше потпишан Меморандум за соработка со Министерството за образование и наука. Беа обучени 10 тренери кои беа задолжени за спроведување на интерактивните работилници во завршните класови во средните училишта. Темите на работилниците опфаќаат: изборни циклуси, избирачки список, изборна кампања, изборна администрација, процесот на денот на гласањето, улогата на набљудувачите, како и важноста на активниот граѓанин за развојот на демократијата. При изборот на училиштата се води грижа да се опфатат ученици од различни насоки на образование, како и од различни делови на државата.

За проектот има изработено и интернет страна, www.prvpatglasam.com.mk, со цел на идните гласачи да може да им даде одговор на прашањата поврзани со изборните процеси во земјава. Покрај тоа, интернет страната содржи и информации за одржаните работилници во средните училишта.

Поради тоа што во март се одржаа локалните и претседателските избори, беа одржани само 2 работилници, со цел да се избегне конфликт на интереси и останати проблеми кои можат да нанесат штета при имплементацијата на проектот. На овие работилници присуствуваа 28 ученици. Проектот

паузираше во текот на првото полугодие од учебната 2009/2010, а ќе продолжи во текот на второто полугодие.

Учениците беа многу задоволни од спроведените работилници. Така, дури 76% од нив ги оцениле информациите од работилниците како корисни, а 55% искажале желба да учествуваат и во идни работилници од ваков вид.

**Донатори**

Проектот е финансиски поддржан од UNDP и Амбасадата на Кралството Холандија

## ПАТУВАМЕ ВО ЕВРОПА

**Цел на проектот**

Проектот Патуваме во Европа има за цел на најдобрите студенти да им овозможи патување во Европа кое ќе им овозможи да се запознаат со демократските вредности, обичаите и културата на земјите од Европа, да ги промовираат и доближат тие вредности во Македонија, а во исто време да ја промовираат и Македонија во Европа.

**Активности и постигнати резултати**

Во 2009 година, 18 претставници на најдобрите студенти од завршните години патуваа еден месец бесплатно низ Европа, при што ова беше трета година по ред како Граѓанската асоцијација МОСТ го реализира овој проект. Во рамките на проектот беше објавен конкурс и се направи избор на најдобрите кандидати кои беа рангирани по неколку критериуми, со цел да бидат избрани токму оние студенти кои навистина би сакале да патуваат надвор од Македонија.

Студентите беа мисионери, кои ја ширеа културата на дијалог и размена, а воедно и ја запознаа Европа и нејзините граѓани, со младите од Македонија. Преку проектот се подигна и нивото на свест кај младите во Македонија за важноста на успехот во текот на образованието, вредност која во голем дел беше нарушена во текот на транзицијата на земјата. Оваа акција го промовираше образованието како веродостоен начин да се успее во животот.

По патувањето студентите гостуваа во неколку телевизиски емисии, а освен тоа во голем дел од дневните весници беа објавени написи со приказни на студентите за европските вредности и пораки до граѓаните на Република Македонија за важноста на демократските вредности.

После нивното враќање, организирана беше изложба на фотографии направени за време на патувањето, на која исто така беше прикажан и краток филм за почетокот на нивното патување во Берлин. Со цел да се поттикне креативноста на студентите, беше предвидено тие да напишат есеј (патепис) за своите доживувања. За најдобриот есеј беше обезбедена пригодна награда.

Студентите беа многу задоволни од пружената шанса да ја видат Европа, како што сведочи оваа изјава на еден од студентите: "Не станавме драстично подобри луѓе за само месец дена, но нашите погледи на светот се малку пошироки. Ова патешествие дефинитивно ќе остане една од поважните одредници во нашите животи."

Информации за проектот, како и фотографиите и дел од впечатоците на студентите можат да се најдат на Интернет страната на проектот www.patvoevropa.org.mk.

### Донатори

Овој проект финансиски беше поддржан од Роберт Бош Фондацијата преку Балканскиот Фонд за Демократија (BTD), а средства и услуги донираа и неколку домашни компании.

## 3. ПРОГРАМА: ОДГОВОРНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

## ДОМАШНО НАБЉУДУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ И ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2009

Во март 2009 година беа одржани претседателски и локални избори. МОСТ ги набљудуваше изборите во рамките на проектот "Домашно набљудување на претседателските и локалните избори 2009". Стекнатото искуство во набљудување на претходните 8 изборни процеси беше пренесено и на овие избори.

### Цели на проектот

Целите на овој проект се: зголемување на транспарентноста на изборниот процес и одговорноста на изборната администрација преку вклучување на граѓаните во изборниот процес како непартиски набљудувачи, како и почитување на правото и законите при спроведување на гласањето на избирачките места.

### Активности и постигнати резултати

Со цел поефикасно спроведување на проектот беа спроведени повеќе активности:

- Набљудување на предизборниот период;
- Регрутирање и обука на набљудувачите;
- Набљудување на гласањето на раселените лица, старите и изнемоштени лица, војниците и затворениците, кое се одржува еден ден пред денот на избори;
- Набљудување на денот на гласање (со обични набљудувачи, мобилни тимови, PVT набљудувачи, ротирачки набљудувачи и набљудувачи во ОИК и ДИК);
- Раководење на ПВТ програмата;
- Набљудување на постизборниот период;
- Анализа на извештаите и информирање на јавноста;
- Подготовка на финален извештај.

На почетокот, беше изготвен план на активности, врз основа на искуствата од претходните набљудувања на изборите. Беа активирани 19-те регионални канцеларии на МОСТ низ целата земја држава, со цел поефикасно спроведување на проектот. 28 регионални координатори беа задолжени за извршување на планираните активности. Во регионите каде што има поголем процент на припадници на заедниците кои не се мнозинство во Р. Македонија, беа формирани мултиетнички тимови, составени од еден Македонец и еден Албанец. Тие региони беа: Скопје 2, Куманово, Тетово, Гостивар, Кичево и Струга.

Иако рокот на траење на изборната кампања е прецизно дефиниран во Изборниот законик, скоро сите учесници на изборите ја започнаа својата кампања неколку недели пред официјалниот старт. МОСТ остро реагираше на овој случај и ги повика релевантните институции да дејствуваат нагласувајќи ја улогата на Државната изборна комисија (ДИК). ДИК реагираше само во два случаи на предвремено започнување на изборната кампања. Од друга страна, Советот за радиодифузија реагираше многу професионално со започнување на 13 постапки против радио и ТВ станици кои ги прекршиле одредбите од Изборниот законик. Во текот на изборната кампања, МОСТ испрати набљудувачи на 278 партиски настани/митинзи/трибини (кои се однесуваа на претседателските и локалните избори). Секој од набљудувачите беше задолжен да исполни специјален формулар кој дава преглед на однесувањето на учесниците во кампањата. Исто така, волонтери на МОСТ му пружија помош на Националниот демократски институт (НДИ) во промоцијата на кампањата “Не си играј со својата иднина – Фер избори 2009”.

Кампањата помеѓу двата изборни круга беше окарактеризирана со понизок интензитет и помалку теренски активности. Сепак, некои од кандидатите беа активни во т.н. кампања "од врата на врата".

Кампањата за мобилизирање на набљудувачи наиде на позитивен прием кај граѓаните. Како и за сите изминати процеси на набљудување, така и за овој беше изготвена база на податоци, каде што сите регионални канцеларии можеа да внесуваат податоци, врз база на унифициран систем. После проверката од централната канцеларија, МОСТ испрати листа од 4577 набљудувачи за акредитација до ДИК. 10% од вкупниот број беа резервни набљудувачи. За вториот круг беа акредитирани дополнителни 57 волонтери.

Сите набљудувачи поминаа обука за домашно набљудување на избори, а исто така им беа поделени потребни материјали: Прирачник за домашно набљудување на изборите, формулари за известување, пенкало, маица, и акредитации издадени од ДИК и МОСТ. Обуката на набљудувачите беше организирана од страна на регионалните координатори на МОСТ во соодветните регионални канцеларии. PVT набљудувачите и ротирачките набљудувачи поминаа специјална обука.

Од вкупниот број акредитирани набљудувачи, првиот изборен круг го набљудуваа 3637 набљудувачи, додека пак во вториот круг имаше 3638 набљудувачи. Заради поцелосно следење на процесот на гласање, покрај статичните тимови составени од по двајца набљудувачи, МОСТ распореди и 84 мобилни тимови кои што ги посетуваа оние гласачки места каде што немаше статични тимови, а исто така служеа и како логистичка поддршка на статичните тимови. На овој начин, беа покриени околу 65% од избирачките места низ целата држава. Собирањето на материјалите, сумирањето и табелирањето на резултатите беше предмет на набљудување на волонтерите во сите општински изборни комисии.

**PVT**

Исто како и во претходните изборни циклуси, така и за претседателските и локалните избори 2009, МОСТ го следеше одѕивот на гласачите во текот на денот, како и распределбата на гласовите по пребројувањето, со помош на програмата за паралелна обработка на гласови (Parallel Vote Tabulation) или кратко PVT.

Паралелната обработка на гласовите, комбинирана со регуларното набљудување, претставува моќна алатка за пронаоѓање на евентуалните изборни измами, но и грешки во обработката на податоците дури и кај оние гласачки места кои не се предмет на набљудување.

Прецизноста со која што се проектира распределбата на гласовите уверува дека во случај на голема разлика меѓу резултатите добиени од PVT програмата и официјалните резултати, постои веројатност за изборна измама.

Покрај распределбата на гласовите, PVT програмата го мониторира и одѕивот на гласачите во текот на денот, со што се овозможува да се оцени неговата реалност, односно евентуалното остро зголемување во одреден временски период, што повторно може да укажува на изборна измама.
PVT примерокот содржи избирачки места (во понатамошниот текст PVT места) кои што претставуваат демографски и географски одраз на сите избирачки места во државата, односно на целокупното гласачко тело. Програмата се заснова на брзо собирање и обработка на податоци, официјални резултати од гласањето, внесени во записниците од гласачките места од PVT примерокот, кои што се пренесени директно од набљудувачите веднаш по потпишувањето на официјалниот записник од членовите на Избирачкиот одбор.

PVT програмата беше спроведена на територијата на целата држава за изборите за Претседател на Република Македонија, како и на територијата на град Скопје за изборите за градоначалник на град Скопје и членови на Советот на град Скопје. Резултатите добиени со помош на оваа програма беа објавени на конференциите за јавност, веднаш по обработката на податоците во PVT центарот. PVT примерокот за претседателските избори беше составен од 784 избирачки места, а примерокот за изборите за градоначалник на град Скопје и членови на Советот на град Скопје, се состоеше од 464 избирачки места.

PVT набљудувачите за претседателските избори се соочија со сериозни проблеми поради неочекуваните временски услови (снег, завеани патишта). Од 784 планирани PVT набљудувачи, беа распоредени 768. Останатите 26 набљудувачи, заедно со членовите на избирачката комисија не можеа да пристигнат на избирачките места до 10 часот, па гласањето беше одложено за 14 дена. Двајца набљудувачи го откажаа набљудувањето, но ова немаше влијание врз PVT примерокот.

Ова го докажуваат и резултатите од PVT, при што може да се види дека помеѓу нив и резултатите објавени од Државната изборна комисија нема големи разлики. Така на пример, просечната разлика во однос на гласовите за кандидати (за претседател, градоначалник или членови на совет) се движеше од 0,18% до 0,31%, додека пак разликата во однос на излезноста беше од 0,50% до 0,72%.

**Медиумска активност**

За време на изборниот процес беа одржани 18 прес-конференции. Согледувајќи ги искуствата од минатите изборни процеси, може да се забележи дека интересот на медиумите за набљудувањето на МОСТ е константно на високо ниво. При тоа, покрај пренесувањето на прес-конференциите, медиумите беа заинтересирани за интервјуа и изјави по повод различни аспекти на изборниот процес.

**Генерална оценка на МОСТ за претседателските и локалните избори во 2009 година**

Претседателските и локалните избори во 2009 година се спроведоа во мирна атмосфера и во најголем дел во согласност со меѓународните стандарди. Но, случаите на семејно и групно гласање, гласање во име на друг, неправилностите во спроведувањето на процедурата на гласање, како и притисоците и заплашувањата на граѓаните претставуваа проблем и на овие избори. Помал број неправилности, исто така, беа забележани и во спроведувањето на процедурата на табелирање и сумирање на резултатите.

На изборите им претходеше кратка и интензивна изборна кампања, која што помина во мошне мирна атмосфера, без сериозни инциденти. Претседателските кандидати и лидерите на политичките партии постојано ја изразуваа својата заложба за одржување на фер и демократски избори, со што дополнително придонесоа за релаксирање на политичката атмосфера. Сепак, набљудувачите на МОСТ регистрираа одредени нерегуларности, како притисоци  и закани врз граѓаните, користење на државни ресурси во изборната кампања, злоупотреба на деца во политички цели, како и прелепување на плакати од спротивставените кандидати.

Загрижувачки беа известувањата за заплашувања и притисоци врз граѓаните, особено врз државните службеници и вработените во јавната администрација кои што ескалираа помеѓу двата изборни круга и во голема мера влијаеја врз слободното изразување на волјата на граѓаните. Ваквите обвинувања ја отсликуваат длабоката недоверба помеѓу самите политички партии, но и недоверба на политичките субјекти и граѓаните во државните институции.

На изборниот ден во првиот и во вториот изборен круг не беа забележани инциденти слични на оние од предвремените парламентарни избори во 2008 година, во и околу избирачките места. Набљудувачите најчесто известуваа за неправилности од типот на семејно и групно гласање, пропусти во раководењето со избирачките списоци, нарушена тајност на гласањето, а на повеќе места на граѓаните не им беше дозволено самостојно да решат за кои избори ќе гласаат, туку беа принудувани да гласаат и за локалните и за претседателските избори. Според потврдените информации, исто така, беше

забележано гласање без употреба на УВ ламба и безбоен спреј, како и несоодветна идентификација на гласачите.

Карактеристика на овие избори, споредено со поранешните изборни циклуси, е тенденцијата во урбани средини да се појават голем број на случаи на лица кои што се изјаснуваат како неписмени, па за да го остварат своето право на глас мораат да бараат помош од друг. Се разбира дека станува збор за манипулација од страна на политичките партии со цел контрола на гласачите. Ова покажува дека граѓаните не беа во можност самостојно да решат за кого ќе го дадат својот глас. Вториот изборен круг беше окарактеризиран и по јасно изразените и спротивставени ставови во поглед на излегувањето и гласањето на изборите, од различни групи на граѓани. Додека едните излегуваа и гласаа, на други места имаше сосема мал број на излезени гласачи, или воопшто ги немаше.

Од набљудувачите на МОСТ беа забележани одредени недоследности во постапката на пребројување на гласовите и сумирање на резултатите, како за претседателските, така и за локалните избори, што фрли одредена доза на сомнеж во целосната точност на резултатите. Најголем дел од забележаните неправилности во постапките за броење и сумирање на резултатите се појавија како резултат на пропусти на изборната администрација.

**Донатори**

За спроведување на овој проект МОСТ доби поддршка од USAID (Американска агенција за меѓународен развој), како и од Амбасадата на Кралството Холандија, Шведската меѓународна агенција за развој, Амбасадата на Сојузна Република Германија, Швајцарската агенција за меѓународен развој, Амбасадата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје и Амбасадата на Република Чешка.

## КОНФЕРЕНЦИЈА: УЛОГАТА НА ДОМАШНИТЕ НАБЉУДУВАЧИ И СТАНДАРДИ ЗА ДОМАШНО НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ

Недоволните информации во врска со методологијата на набљудување на изборите, како и недоволната транспарентност во однос на спроведените активности продуцираше конфузија, како во јавноста, така и кај медиумите во однос на квалитетот на спроведените избори, односно во врска со квалитетот на имплементирањето на изборното законодавство.

Потребата за унапредување на Стандардите за домашно набљудување на избори се појави како последица од последните претседателски и локални избори одржани во 2009 година.

Од 18-ти до 20-ти јуни 2009 година, во организација на граѓанската асоцијација МОСТ, беше одржана дводневна конференција на тема: "Улогата на домашните набљудувачи и стандарди за домашно набљудување на изборите".

**Основна цел на конференцијата**

Главната цел на конференцијата беше да се насочи вниманието на државните институции, граѓанските организации и јавноста кон важноста на домашното набљудување, во насока на зголемување на демократските капацитети на државата.

Конференцијата исто така имаше за цел да ги инспирира државните институции и граѓанските организации да започнат иницијатива за подигнување на стандардите за домашно набљудување на изборите, како и да се зајакне довербата помеѓу домашните набљудувачи, државните институции, медиумите и политичките субјекти кои учествуваат во изборниот процес на било кој начин.

**Активности и постигнати резултати**

На конференцијата беа поканети и присуствуваа претставници од ДИК, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Државниот завод за ревизија, Советот за радиодифузија, Амбасадата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје, Канцеларијата на специјалниот претставник на ЕУ во Република Македонија, Информативната канцеларија на Советот на Европа, експерт од ОБСЕ/ОДИХР, претставници од мрежата на регионални канцеларии на граѓанската асоцијација МОСТ, релевантни граѓански/невладини организации, Македонскиот институт за медиуми, како и претставници од политичките партии и медиумите во Република Македонија.

Секоја од сесиите беше дизајнирана на тој начин што двајца експерти од соодветната област како воведничари презентираа своја анализа и заклучоци за постојната состојба во соодветната област, кои беа предмет на дискусија. Потоа, претставниците на граѓанските организации и јавниот сектор можеа да разменат мислења за потребите, принципите и механизмите за унапредување на улогата на домашните набљудувачи, подигнување на стандардите за набљудување и зајакнување на довербата/соработката

помеѓу домашните набљудувачи и државните институции, медиумите и политичките партии.

Заклучоците и препораките кои произлегоа од секоја посебна сесија се публикувани и претставуваат сет од стандарди за домашно набљудување на изборите, и истовремено ќе претставуваат водич при наредните потфати на граѓанските организации и државните институции во насока на спроведување на избори и другите активности поврзани со изборите.

**Донатори**
Конференцијата беше финансиски поддржана од страна на Амбасадата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

## ПРАВЕН РЕСУРСЕН ЦЕНТАР – www.pravo.org.mk

Бесплатниот пристап кон легислативата во многу европски земји е востановена практика, додека кај нас претставува финансиски скапа инвестиција. Јавни расправи се одржуваат ретко а дебати околу предлог законите се случуваат само во рамките на парламентарните сесии. Доближувањето на законите поблиску до граѓаните и овозможување на една поширока дебата е неопходен услов за развој на едно стабилно и демократско општество.

### Основна цел на проектот

Основна цел на Правниот ресурсен центар е да обезбеди брз, лесен и бесплатен пристап до законите донесени од Собранието на Република Македонија, судската практика на Врховниот суд на Република Македонија, како и да обезбеди простор за информирање на граѓаните и отворање на јавни дебати за предлог законите.

### Активности и постигнати резултати

Проектот започна да се имплементира во 2004 година, и оттогаш се разви во водечки ресурс во сферата на граѓанските услуги поврзани со законодавството и информирањето. Порталот www.pravo.org.mk е уникатен, лесно достапен и бесплатен ресурс кој што им дозволува пристап на граѓаните до целокупното законодавство на Република Македонија, како и бројни анализи на закони и судска практика, како од Врховниот суд на Р Македонија, така и од Европскиот суд за човекови права. До повеќето од овие законодавни документи граѓаните може да обезбедат пристап и преку Службениот весник на Р Македонија, но за таа услуга се наплаќа определена сума која не може секој граѓанин да ја плати. Идејата започна да се развива и продолжи да се имплементира поради разбирањето на

потребата секој граѓанин во Македонија да биде информиран за законодавно-правните промени во државата, а преку тоа да може да учествува во процесот на донесување одлуки, без разлика дали тој може, или не може да си го дозволи тоа.

Потребата од овој портал е јасно видлива од показателите и повратните реакции од корисниците. Бидејќи клучниот донатор на проектот во 2008 година, Шведскиот Хелсиншки Комитет, го најави своето повлекување на фондовите за Република Македонија, а неговата потреба беше повеќе од јасна, во 2008 година како дел од проектните активности започната беше изработка на Бизнис план за самоодржливост на проектот. Активностите поврзани со изработката на Бизнис планот вклучуваа:

- Ангажирање на консултант кој би го подготвил Бизнис планот;
- Консултациски сесии со тимот кој работи на проектот Право;
- Обемно маркетинг истражување на 1000 анкетирани корисници;
- Две фокус групи со некои од анкетираните корисници, избрани по случаен избор;
- Изработка на Бизнис планот.

Решенијата околу самоодржливоста на Право, како што се и запишани во Бизнис планот, се фокусираат околу два битни фактора:

- Развивање на понудата на порталот со нови производи и услуги;
- Заинтересираноста на бизнис-секторот за нивно рекламирање на порталот, или во форма на банери или со водено жигосување на документите кои се преземаат.

Околу првиот фактор се преземени активности во поглед на приспособување на порталот со цел да може да нуди нови услуги со неговиот целосен редизајн.

Во врска со вториот фактор, новиот редизајниран портал е приспособен да овозможува рекламирање во форма на банери или водено жигосување на документите, а исто така остварен е и контакт со значаен број на компании кои би можеле да бидат заинтересирани за рекламирање на овој портал.

Се очекува во 2011 година, според Бизнис планот, порталот да биде целосно самоодржлив.

Поради редизајнот на порталот, кој беше ставен во употреба во септември 2009 година, и целосното обновување на базата на корисници, не можеме компаративно да го прикажеме растот за 2009 година, но за периодот од 08.09 до 24.12.2009 година се регистрирани 16.662 корисници. Бројот на дневни посети на сајтот изнесува 1128.

Во овој период, на порталот беа објавени 62 закони, 1 ратификација на меѓународен договор, 178 изменувања и дополнувања на законската регулатива и 57 новости кои се однесуваат на законската регулатива.

**Донатори**

Од јануари до декември 2009 година, беа добиени средства од Амбасадата на Кралството Холандија како поддршка за имплементација на Бизнис планот.

## КОМЕНТАР НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Коментарот на Изборниот законик (ИЗ) е резултат на проектот кој што беше имплементиран од граѓанската асоцијација МОСТ во периодот мај – декември 2009 година. Спроведувањето на овој проект произлезе од потребата соодветно да се одговори на проблемите идентификувани од ОБСЕ/ОДИХР кои што се однесуваа на недоволно јасните и неконзистентните одредби од ИЗ што продуцираа недоразбирања меѓу државните органи и учесниците во изборниот процес и сериозно ја подриваа довербата во демократските институции.

**Основна цел на проектот**

Целта на овој коментар е, преку изнесените мислења, ставови и објаснувања на еминентни експерти од областа на правото и изборите, да придонесе за генерирање на ефикасна и унифицирана имплементација на изборната легислатива која што ќе биде целосно компатибилна со меѓународните стандарди за избори и добри практики.

Во однос на идентификуваните проблеми за коишто е утврдено дека е неопходно нормативно доизградување, Коментарот нуди предлози за измени и дополнувања на ИЗ. На овој начин, Коментарот е замислен да се користи како професионална алатка од сите засегнати страни кои го применуваат Изборниот законик, но и да им биде од корист на релевантните институции при креирањето на идната изборна политика во Република Македонија.

**Активности и постигнати резултати**

Овој коментар е плод на работата на експертите, проф. д-р Гордана Силјановска – Давкова, член на Венецијанската комисија, и поранешниот судија во Врховниот суд на Р Македонија, Сабит Кранли и консултантите на ОБСЕ/ОДИХР и Венецијанската комисија, Виктор Улом и Вања Шкориќ. Експертите Гордана Силјановска – Давкова и Вања Шкориќ се автори на

коментарите на општите одредби, одредбите кои што се однесуваат на распишувањето и одржувањето на изборите, органите за спроведување на изборите, евиденцијата на избирачкото право, кандидирањето, изборната кампања и нејзиното финансирање, како и спроведувањето на изборите. Експертите Сабит Кранли и Виктор Улом се автори на коментарите на одредбите кои што се однесуваат на заштитата на избирачките права, прекршочните одредби и меѓународните изборни стандарди.

Како основа за подготовка на Коментарот на ИЗ е земена неофицијалната верзија на пречистениот текст на ИЗ која што беше изготвена од Стручната служба на ДИК и со неа се опфатени Изборниот законик и неговите измени и дополнувања објавен во Службен весник на Република Македонија, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08 и 163/08.

При подготовката на Коментарот беа одржани повеќе работилници на кои што авторите консултираа претставници од релевантните државни институции што учествуваат во спроведувањето на изборите и претставници на политичките партии. Во развојот на идејата за спроведување на овој проект, како и во подготовката на коментарите од авторите, свој суштински придонес дадоа и: Јасмина Димитриева – Најданова и Марија Мирческа од Одделот за владеење на правото при Мисијата на ОБСЕ во Скопје, како и Александар Чичаковски од граѓанската асоцијација МОСТ.

**Донатори**

Овој проект финансиски беше поддржан од Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

## 4. МЕЃУНАРОДНА АКТИВНОСТ И СОРАБОТКА

**Учество на меѓународни настани**

- Учество на Генерално собрание на ENEMO во Косово;
- Учество на Human Dimension Implementation Meeting на ОБСЕ во Полска;
- Учество на Брифинг за креатори на јавно мислење, организиран од Амбасадата на Кралството Холандија и НАТО во Брисел, Белгија;
- Меѓународна конференција за граѓанско учество во Европа во Словенија.

**Учество во меѓународни набљудувачки мисии**

*Учество во ENEMO мисии за набљудување на избори*

- Набљудување на локални избори во Косово, декември 2009 година, 19 набљудувачи, при што шефот на мисијата исто така беше претставник од МОСТ;
- Набљудување на претседателски избори во Киргистан, јули 2009 година, 2 набљудувачи.

*Учество во ОБСЕ/ОДИХР мисии за набљудување на избори*

- Набљудување на парламентарни избори во Албанија, јуни 2009 година, 1 набљудувач.

**Стекнување на искуства**

- Учество на International Visitor Leadership Program (IVLP) – Меѓународен тренинг за лидери, организиран од Институт за меѓународно образование и United States Department of State, во САД, септември 2009 година;
- Учество на обука за краткорочни набљудувачи, организирана од ОБСЕ/ОДИХР во Белорусија;
- Учество на PVT академија, организирана од NDI (National Democratic Institute) во САД.

## 5. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

### Преглед на финансиските средства за 2009 година

| ПРОГРАМА | ИЗНОС |
|---|---|
| Одговорност и транспарентност | 383.444 |
| Едукација и вклучување на граѓаните | 67.670 |
| Отворени институции | 33.910 |
| Вкупен износ во евра | **485.024** |